

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец јануари 2017

6.2.2017

Сектор за инвестиции

NLB
Нов пензиски фонд

Содржина:

1. ЗК „Пелагонија“ АД Битола

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец јануари 2017 година, се одржа акционерско собрание на **Земјоделски Комбинат „Пелагонија“ АД Битола**, компанија во која ОЗПФ НЛБ Пензиски Фонд поседува акции и согласно Правилникот има обврска за присуство и известување.

# 1. ЗК „Пелагонија“ АД Битола

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ НЛБ Пензиски Фонд, а Друштвото има обврска за задолжително присуство.

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **ЗК „Пелагонија“ АД Битола** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **1,66%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,04%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 31.01.2017 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**<br>1. Отворање на Собранието на акционери;<br>2. Констатирање на кворум за работа на Собранието<br>3. Избор на претседавач на Собранието<br>4. Избор на записничар и 2 заверувачи на записникот<br>5. Избор на 2 бројачи на гласови<br><br>**II. РАБОТЕН ДЕЛ**<br>- Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола одржана на ден 30.06.2016 година<br>1. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни, со | |

| | |
|---|---|
| | - Мислење на Одбор на директори и Предлог- одлуки<br>2. Одлука за исправка – корекција на Одлука број 02-310/4 од 17.04.2015 година<br>- Мислење на Одбор на директори |
| *Претставник на Собранието* | Жанета Трифуновска |

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на ЗК „Пелагонија“ АД Битола се одржа на 31.01.2017 година со почеток од 12:00 часот во просториите на Друштвото, во Новаци – Новачки пат.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на ЗК „Пелагонија“ АД Битола гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието на акционери;
2. Констатирање на кворум за работа на Собранието
3. Избор на претседавач на Собранието
4. Избор на записничар и 2 заверувачи на записникот
5. Избор на 2 бројачи на гласови

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

- Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола одржана на ден 30.06.2016 година

**Претставникот гласаше ЗА**

1. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни, со
- Мислење на Одбор на директори и Предлог- одлуки

**Претставникот гласаше ВОЗДРЖАНО**

2. Одлука за исправка – корекција на Одлука број 02-310/4 од 17.04.2015 година
- Мислење на Одбор на директори

**Претставникот гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери на ЗК „Пелагонија“ АД Битола:

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на ЗК „Пелагонија“ АД Битола, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери со право на глас од 82,62% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Претставникот гласајќи „ЗА“, го поддржа усвојувањето на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола одржана на ден 30.06.2016 година.

Точката бр. 1 од работниот дел опфаќа две одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни, односно со Здравје Радово и Жито Полог АД Тетово. Предлог одлуката за зделка со Здравје Радово е на износ од 330 милиони денари, што претставува 9,66% од активата на имотот (согласно последните ревидирани финансиски извештаи од 2015 година), додека во предлог одлуката за меѓусебна зделка со Жито Полог АД Тетово, износот за меѓусебна соработка е во вредност од 300 милиони денари или 8,8% од активата на ЗК Пелагонија. Во предлог одлуките стои дека зделките ќе бидат склучени согласно пазарни цени. Поради неможноста во овој момент да се оцени по која цена би биле реализирани идните зделки помеѓу договорните страни дефинирани во одлуките, а со тоа и неможност за оцена дали овие зделки ќе се случат во интерес на сите акционери на ЗК Пелагонија АД Битола, претставникот гласаше „ВОЗДРЖАНО“ за предлог одлуките опфатени во точка бр. 1.

По точката бр. 2 од работниот дел, претставникот гласајќи „ЗА“ го поддржа донесувањето на Одлука за исправка – корекција на Одлука број 02-310/4 од 17.04.2015 година. Корекцијата се однесува во делот на важноста на одлуката од 17.04.2015 година (Претходно било дефинирано да важи од 01.01.2015 година што е во контрадикција со донесување на одлуката).

Со исцрпување на Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи акционерското собрание за затворено.